ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА

VIENNA INSURANCE GROUP

# КОМЕНТАР НА БИЛАНСОТ НА УСПЕХ со состојба 30.09.2014

Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје Виена Иншуренс Груп во **осигурување неживот** заклучно со 30.09. 2014 година го заврши со добивка пред оданочување во износ од 82,1 милиони денари или 67% поголема добивка во однос на истиот период претходната година.

Клучните показатели на нашето финансиско работење се подобрени во однос на предходната година.

Бруто полисираната премија во осигурување неживот бележи пораст во однос на истиот период од минатата година од 29% кои воглавно се должи на имотните осигурувања.

Нето трошоци за штети во однос на истиот период предходна година имаат зголемување од 18% што е многу помалку во однос на полисираната премија и е резултат на навремените резервирања на пријавените штети.

Приходот од вложувања е зголемен за 13%, додека вкупните трошоци за спроведување на осигурувањето се зголемени за 5% поради зголемен трошок за провизија како резултат на зголемениот износ на премија .
Основна цел на на Друштвото во 2014 год е да се зголеми обемот на квалитетни осигуреници што ке придонесе на задржување на трендот на остварување позитивен финансов резултат.

Осигурување МАКЕДОНИЈА а,д Скопје Виена Иншуренс Груп во делот **за осигурување живот** во изминатите девет месеци од 2014 год. оствари минимален позитивен финансов резултат од околу 0,4 милиони денари што е разбирливо со оглед минималните приходи заради природата на работењето на Друштвото во животното осигурување односно само сервисирање на постоечките договори за животно осигурување до нивниот истек, без склучување на нови договори.

**Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје Виена Иншуренс Груп е друштво котирано на под сегментот задолжителна котација на Македонска берза и согласно глава VI од Правилата за котација преку СЕИ-Нет објавува квартални, полугодишни и годишни финансиски извештаи. Во врска со тоа, известуваме дека Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје Виена Иншуренс Груп објавува посебни извештаи за осигурување живот и осигурување неживот. Ваквиот начин на известување е поради тоа што двете дејности функционираат независно и искажуваат сопствени финансиски резултати.**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk